БИЛТЕН НА РИЗИЦИ

# ОПСЕРВАТОРИЈА НА НЕЛЕГАЛНИ ЕКОНОМИИ ВО ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА



БРОЈ 17 ДЕКЕМВРИ 2023

## Резиме на главни поенти

**Научени ли се лекциите за справување со новиот миграциски бран во Западен Балкан?**
Бројот на бегалци и мигранти кои патуваат низ Западен Балкан не бил повисок уште од 2015 година. Во споредба со периодот пред седум години, се појавуваат нови шаблони во криумчарењето мигранти низ Балканската рута. Se чини дека мрежите станаа пофлуидни и повеќе децентрализирани, делумно со користење технологија, а покрај тоа, изгледа и дека профилот на криумчарите е сменет, што покажува на повеќе интернационализиран пазар на криумчарски активности. Заложбите за запирање на миграциите од засегнатите земји на Западен Балкан и ЕУ, заедно со меѓународните партнери, треба да се сосредоточат на ублажување на факторите кои ги поттикнуваат мигрантите да ги ризикуваат своите животи во потрага по подобри можности.

**Ризиците во затворите може да ја попречат борбата против криминалот во Западен Балкан.**
Западен Балкан има релативно висока стапка на затворска популација во споредба со другите делови на Европа. Во теорија, затворите треба да бидат поправни установи и последно скалило на скалите на криминалот. Во реалноста, тие премногу често завршуваат училишта за регрутирање ситни криминалци во сериозен организиран криминал, јазли за вмрежување, па дури и задни кулиси за водење криминални операции. Без реформи, постои ризик затворите во Западен Балкан да се влошат наместо да помогнат да се поправи проблемот со сериозниот организиран криминал во регионот.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

# Научени ли се лекциите за справување со новиот миграциски бран во Западен Балкан?

Во 2022 година, бројот на бегалци и мигранти кои минуваа низ Западен Балкан беше на највисоко ниво досега од 2015 година. Оваа рута остана втората најактивна рута во Европа досега во 2023 година. Ова предизвикува загриженост во Западен Балкан, но исто така и во Европската Унија (ЕУ) и Обединетото Кралство каде што се стравува дека повторно ќе се појават предизвиците со кои се соочуваа некои земји во 2015 и 2016 година обидувајќи се да се справат со милиони луѓе во движење. Оттогаш, неколку земји изградија физички бариери, се обидоа да ги подобрат односите со трети земји, како и мултилатералната соработка, не само преку ЕУ. Како што можеше да се види на италијанскиот остров Лампедуза, тој систем сега се соочува со стрес-тест.

Според прелиминарните податоци од Фронтекс, Европската агенција за гранична и крајбрежна стража, 330.000 нерегуларни мигранти влегле во блокот во 2022 година, што претставува најголемиот нерегуларен прилив од 2016 година.[1] Од нив, 145.600 мигранти (45 %) ја користеле западно-балканската рута. Во Западен Балкан бројот на нерегуларни мигранти се зголемил за 136 % во споредба со 2021 година.[2] Повеќето од оние што се во движење дошле од или преку Блискиот Исток и Северна Африка (МЕНА).

Помеѓу јануари и август 2023 година, Западен Балкан остана втората најактивна рута, иако со пад од 19 % во споредба со истиот период минатата година, делумно поради тоа што Србија го укина визното ослободување за Бурунди, Тунис, Индија и



**Мигранти се забележани во напуштени вагони од возови во близина на Солун, Грција на пат долж рутата низ земјите од Западен Балкан преку Северна Македонија, Октомври 2022.**

*Фотографија: Николас Економу/Нур Фото виа Гети фотографии*

Гвинеја-Бисао.[3] Оваа промена на политиката од страна на Србија следеше по притисокот од ЕУ, која изрази загриженост дека системот го искористуваат мигранти кои ја користат земјата како недозволена отскочна штица во блокот.

Трите најбројни националности кои патуваат низ западно-балканската рута се Сирија, Авганистан и Турција.[4] Се очекува бројките да останат високи како резултат на разгорување на конфликтот помеѓу Израел и Хамас, континуираната репресија во Авганистан, војната и нестабилноста во Либија и Судан, како и економските тешкотии во неколку африкански земји. Фронтекс очекуваше дека во август ќе дојде до умерено намалување за 2023 година како целина,[5] но тоа беше пред нападот на Хамас врз Израел, која, пак, сега започна со копнена инвазија на Газа, крајбрежна палестинска енклава. Исто така, постојат ризици од значителни последици надвор од ова непосредно бојно поле.

Истовремено, руската агресија против Украина ја предизвика најголемата бегалска криза во Европа од Втората светска војна. Додека најголемиот дел од бегалците се пресели во соседните земји и во Западна Европа, десетици илјади Украинци но и Руси најдоа прибежиште во Западен Балкан. За разлика од мигрантите од регионот МЕНА кои претежно се потпираат на мрежите за криумчарење луѓе за да организираат нелегални преминувања преку границите, украинските бегалци во балканските земји во текот на 2022 година генерално влегоа на легален начин.

Иако, војната во Украина не влијае многу врз зголемувањето на нерегуларната миграција, сепак постои индиректна поврзаност бидејќи органите за спроведување на законот и хуманитарните ресурси – на пример во Унгарија, Бугарија и Романија – беа претежно фокусирани на справување со одливот на бегалци од Украина на почетокот на 2022 година. Ова им олесни на мигрантите нелегално да ги преминуваат границите на места кои беа послабо чувани поради промената на кадарот за спроведување на законот, на пример на границата помеѓу Романија и Унгарија, границата помеѓу Србија и Унгарија и границата помеѓу Бугарија и Турција.[6] Понатаму, војната создаде група ранливи Украинци кои криминалните мрежи ги регрутираат за извршување задачи од ниско ниво, како што е возењето мигранти.[7] Постојат и наводи дека украински криминални мрежи биле вмешани во криумчарење мажи кои се на возраст за служење воен рок, а на кои не им било дозволено да ја напуштат Украина поради ограничувањата за движење.[8]

### Разновидни и насилни криминални актери

Во споредба со состојбата пред седум години, се појавуваат нови шеми во бизнисот поврзан со криумчарењето мигранти низ Западен Балкан. Се чини дека мрежите станале пофлуидни и децентрализирани. Користењето на технологијата – особено шифрираните групи за разговор, мобилните апликации за интернет и GPS системите – го демократизираше пазарот и ја намали потребата за централизирани и добро координирани операции.[9] Исто така, ја намали потребата од водичи и го олесни регрутирањето и огласувањето операции за криумчарење мигранти.[10] За плаќањето услуги за криумчарење се користат и апликации за онлајн-трансфер на пари.[11] Згора на тоа, шифрирањето ѝ отежнува на полицијата да ги следи и истражува мрежите за криумчарење, за разлика од 2015 и 2016 година кога таквите групи можеа да бидат пресретнати со информации од мобилни телефони.[12]

Мигрантите имаат тенденција да се движат од една до друга точка со системот „тековно плаќање", наместо со пакетот зделки за целосна услуга што преовладуваше помеѓу 2015 и 2017 година. Криумчарите обично се потпираат на сигурни контакти – често сонародници – во соседните земји кои би им помогнале во нелегалните преминувања на границите.[13] Она што останува исто е дека корупцијата може да помогне да се отворат вратите или, пак, граничарите да замижат со едно око.[14]

Дополнително делува дека профилот на криумчарите е сменет. Додека во 2015 и 2016 година криумчарите беа претежно државјани на земјата каде што работеа, се чини дека пазарот станал пофлуиден и меѓународен. Не е невообичаено граѓаните на една земја од Југоисточна Европа да се вклучени, на пример како возачи, во криумчарење мигранти во друга земја од регионот. Возачи се најмуваат дури и преку друштвените медиуми.[15] Во изминатите неколку години во Бугарија има забележителен пораст на возачи од Украина, Грузија и Молдавија. Мигрантите или поранешните мигранти, особено од Авганистан, Пакистан, Северна Африка или курдските региони, исто така се активни во криумчарењето, вклучително

и како регрутери во центрите за азил, превозници, станодавци за сместување мигранти и организатори на логистика. Особено се присутни во клучните места каде што мигрантите бараат илегално да ги преминат границите.[16] Многу често, во многу земји од регионот, потерите со автомобили или, пак, несовесното превезување доведуваат до сообраќајни несреќи кои резултираат со смрт на мигранти, возачи и/или други учесници во сообраќајот.[17]

Бидејќи се чини дека трошоците и нивото на софистицираност кои се потребни за да се влезе на пазарот за криумчарење се прилично ниски, а наградите потенцијално високи, изгледа дека има значителна конкуренција околу клучните места. Конкуренцијата често знае да биде насилна. Во изминатата година имаше неколку насилни инциденти на границата помеѓу Србија и Унгарија, меѓу кои и пукање од автоматско оружје.[18] Понекогаш насилството е насочено кон полицијата и кон граничарите. Во Унгарија, во 2022 година наводно биле ранети 12 полициски службеници и 29 припадници на националната гарда,[19] додека пак, во Бугарија во 2022 година, четворица полициски службеници биле убиени, а многу други повредени во насилните судири со криумчарите на мигранти.[20] Во други случаи, има насилни судири меѓу ривалските групи криумчари, на пример, има пријавени инциденти во Србија, Косово и во Северна Македонија за судири меѓу курдски и северно-африкански (марокански и алжирски) групи.[21] Понекогаш насилството го вршат криумчарите врз мигрантите, на пример кога се обидуваат да ја преминат оградата (како онаа што ги дели Србија и Унгарија) без да платат за услугата. Имено, најголем дел од насилството е на клучните излезни точки, како што е случајот во Србија, и во близина на неформалните кампови за мигранти.[22]

### Само мултилатералното дејствување може да го реши овој прекуграничен проблем

Од масовниот бран бегалци и мигранти во 2015 година, земјите во Југоисточна Европа имаат тенденција да градат ѕидови и огради.

Од своја страна, ЕУ се обиде да го зајакне својот надворешен периметар, особено преку распоредувањето на Фронтекс. Тука исто спаѓаше и потпишувањето нови договори за оперативна соработка во управувањето со границите со Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, што меѓу другото, овозможува распоредување офицери од постојаниот корпус на Фронтекс.[23] Исто така, наместо само да се „затвори балканската рута“ и овие земји да се остават самите да се снаоѓаат – што често беше случај во 2016 година – постои поголемо чувство на солидарност, а да не го споменуваме личниот интерес, земјите од ЕУ да работат повеќе со своите соседи од Западен Балкан во управувањето и намалувањето на протокот на бегалци и мигранти.

Надоврзувајќи се на својот нов пакт за миграција и азил, кој беше предложен во септември 2020 година, во декември 2022 година, Европската Унија усвои Акциски план за миграција за Западен Балкан. Планот опфаќа 20 оперативни мерки групирани во пет клучни области: зајакнување на граничното управување долж рутите за трговија со луѓе; осигурување брзи процедури за азил и капацитет за прием; борба против криумчарење мигранти; подобрување на соработката за повторно прифаќање и враќање; и постигнување на усогласување за визната политика.[24] Донесувањето на овие мерки не само што треба да им помогне на ЕУ и на шесте земји од Западен Балкан поефикасно да се справат со миграцијата, туку би можело и да го забрза процесот на пристапување во ЕУ во делот на миграцијата и управувањето со границите.

Ќе биде предизвик да се бараат заемни придобивки, на пример преку поефективно споделување информации, наместо да се префрла топката и да се обвинува другиот (како што можевме да видиме помеѓу Австрија и Романија, или во врска со контроверзната одлука на Унгарија да ослободи повеќе од 700 странски криумчари од затвор во јуни 2023 година) или да се врши притисок врз земјите од Југоисточна Европа да извршат враќање без потребната инфраструктура. Практичните мерки би можеле да опфаќаат заеднички операции, стандардизација на методологијата за собирање и споделување информации за нерегуларната миграција и подобрување на процедурите за идентификација и регистрација на мигрантите на границите. Исто така, логично би било земјите од Западен Балкан да се приклучат кон Eurodac (европскиот систем за споредба на отпечатоци од прсти за барателите на азил).

На крајот од краиштата, за факторите што натеруваат толку многу очајни мигранти да ги ризикуваат своите

животи за да бараат засолниште и посветли можности, треба да се дејствува меѓународно, а не само европски. Земјите во ЕУ, Европската асоцијација за слободна трговија, Обединетото Кралство и Западен Балкан треба заеднички да се заложат за покоординирано глобално дејствување во поглед на големиот проток на луѓе во движење, меѓу останатото и со спроведување на Глобалниот договор за миграција. Во спротивно, ќе продолжат непропорционалните притисоци врз одредени земји – како Грција и Италија – недостигот на солидарност и соработка и порастот на популизмот делумно предизвикан од разочарувањето од неспособноста на владите да се справат со миграцијата.

## Забелешки

1 Frontex, *EU's external borders in 2022: Number of irregular border crossings highest since 2016*, 13 јануари 2023 година, https://frontex.europa.eu/media-centre/news/news-release/eu-s-external-borders-in-2022-number-of-irregular-border-crossings-highest-since-2016-YsAZ29.

2 Ibid.

3 Frontex, *Central Mediterranean accounts for half of irregular border crossings in 2023*, 14 септември 2023 година, https://www.frontex.europa.eu/media-centre/news/news-release/central-mediterranean-accounts-for-half-of-irregular-border-crossings-in-2023-G6q5pF; Sasa Dragojlo, *Serbia ends visa-free regimes with Tunisia and Burundi*, 25 октомври 2022 година, https://balkaninsight.com/2022/10/25/serbia-ends-visa-free-regimes-with-tunisia-and-burundi/.

4 Frontex, *Central Mediterranean accounts for half of irregular border crossings in 2023*, 14 септември 2023 година, https://www.frontex.europa.eu/media-centre/news/news-release/central-mediterranean-accounts-for-half-of-irregular-border-crossings-in-2023-G6q5pF.

5 Frontex, *Risk Analysis for 2023/2024*, август 2023 година, https://www.frontex.europa.eu/assets/Publications/General/ARA_2023.pdf.

6 Tihomir Bezlov, Atanas Rusev и Dardan Kocani, *Borderline: Impact of Ukraine war on migrant smuggling in South Eastern Europe*, Global Initiative Against Transnational Organized Crime (GI-TOC), септември 2023 година, https://globalinitiative.net/analysis/ukraine-war-impact-migrant-smuggling-south-eastern-europe/.

7 Ibid.

8 GI-TOC, *New front lines: Organized criminal economies in Ukraine in 2022, февруари 2023* година, https://globalinitiative.net/analysis/organized-criminal-economies-ukraine-2022/.

9 Europol, *Criminal networks in migrant smuggling*, јуни 2023 година, https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/Europol%20Spotlight%20Report%20-%20Criminal%20networks%20in%20migrant%20smuggling.pdf.

10 Europol, *Criminal networks in migrant smuggling*, јуни 2023 година, https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/Europol%20Spotlight%20Report%20-%20Criminal%20networks%20in%20migrant%20smuggling.pdf.

11 Ibid; Tihomir Bezlov, Atanas Rusev и Dardan Kocani, *Borderline: Impact of Ukraine war on migrant smuggling in South Eastern Europe*, GI-TOC, септември 2023 година, https://globalinitiative.net/analysis/ukraine-war-impact-migrant-smuggling-south-eastern-europe/.

12 Ibid.

13 Ibid.

14 Europol, *Criminal networks in migrant smuggling*, јуни 2023 година, https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/Europol%20Spotlight%20Report%20-%20Criminal%20networks%20in%20migrant%20smuggling.pdf; Tihomir Bezlov, Atanas Rusev и Dardan Kocani, *Borderline: Impact of Ukraine war on migrant smuggling in South Eastern Europe*, GI-TOC, септември 2023 година, https://globalinitiative.net/analysis/ukraine-war-impact-migrant-smuggling-south-eastern-europe/.

15 Tihomir Bezlov, Atanas Rusev и Dardan Kocani, Borderline: *Impact of Ukraine war on migrant smuggling in South Eastern Europe*, GI-TOC, септември 2023 година, https://globalinitiative.net/analysis/ukraine-war-impact-migrant-smuggling-south-eastern-europe/.

16 Europol, *Criminal networks in migrant smuggling*, јуни 2023 година, https://www.europol.europa.eu/cms/sites/default/files/documents/Europol%20Spotlight%20Report%20-%20Criminal%20networks%20in%20migrant%20smuggling.pdf; Tihomir Bezlov, Atanas Rusev и Dardan Kocani, *Borderline: Impact of Ukraine war on migrant smuggling in South Eastern Europe*, GI-TOC, септември 2023 година, https://globalinitiative.net/analysis/ukraine-war-impact-migrant-smuggling-south-eastern-europe/.

17 Ibid.

18 MTI-Hungary Today, *Armed incidents involving migrants on the rise at Hungarian border*, 11 ноември 2022 година, https://hungarytoday.hu/armed-incidents-involving-migrants-on-the-rise-at-hungarian-border/; AP News, Serb police: *Man shot in border town clash between migrants*, 25 ноември 2022 година, https://apnews.com/article/europe-shootings-hungary-migration-western-269fab3f41a42df0d053e8ed865b49dc.

19 Schengen News, *Hungarian border police detected nearly 270,000 illegal migrants last year*, 6 јануари 2023 година, https://www.schengenvisainfo.com/news/hungarian-border-police-detected-nearly-270000-illegal-migrants-last-year.

20 Dunavmost, *Four police officers have died in the last 12 months due to migrant pressure*, 17 февруари 2023 година, https://www.dunavmost.com/novini/chetirima-politsai-zaginaha-za-poslednite-12-mesetsa-zaradi-migrantskiya-natisk.

21 GI-TOC, *Increasing migratory pressures in Serbia have led to conflict between people smuggling groups and crackdowns on migration*, август 2023 година, https://riskbulletins.globalinitiative.net/see-obs-016/01-increasing-migratory-pressures-in-serbia-have-led-to-conflict.html; Интервју со службеник од косовската кранична полиција, Приштина, 8 ноември 2023 година

22 GI-TOC, *Increasing migratory pressures in Serbia have led to conflict between people smuggling groups and crackdowns on migration*, август 2023 година, https://riskbulletins.globalinitiative.net/see-obs-016/01-increasing-migratory-pressures-in-serbia-have-led-to-conflict.html.

23 European Commission, *EU Action Plan on the Western Balkans*, 5 декември 2022 година, https://home-affairs.ec.europa.eu/system/files/2022-12/Western%20Balkans_en.pdf.

24 Ibid.

# Ризиците во затворите може да ја попречат борбата против криминалот во Западен Балкан.

Западен Балкан е познат по организираниот криминал. Исто така, има релативно високи стапки на затворска популација во споредба со останатите делови на Европа. Теоретски, затворите треба да бидат поправни установи и последна станица на скалилата на криминалот. Во реалноста, премногу често се завршни “школи” каде што ситните криминалци се регрутираат за сериозен организиран криминал, јазли за вмрежување, па дури и заткулисни простории за водење криминални операции. Без реформи, постои ризик да се влоши состојбата со затворите во Западен Балкан наместо да се помогне да се реши проблемот со сериозниот организиран криминал во регионот.

| | 2023 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|
| **Криминалитет** | **Европа** | **Свет** | **Европа** | **Свет** |
| **Србија** | 3 | 40 | 2 | 33 |
| **Црна Гора** | 5 | 54 | 4 | 45 |
| **Босна и Херцеговина** | 8 | 57 | 5 | 49 |
| **Албанија** | 15 | 87 | 9 | 61 |
| **Северна Македонија** | 18 | 93 | 11 | 74 |

**СЛИКА 1 Рангирање на земјите од Западен Балкан во однос на 44 европски земји и 193 земји во светот (1 = најлошо рангирање).**

Извор: Глобален индекс за организиран криминал, https://ocindex.net/




**СЛИКА 2 Стапки на затворска популација (затвореници на 100 .000 жители) во 2022 година.**

Извори: Годишна казнена статистика на Советот на Европа,[3] податоци од World Prison Brief,[4] податоци добиени од институции на барање[5] и Вечерњи лист.[6]

Според најновиот *Глобален индекс за организиран криминал* објавен во септември 2023 година, три од шест земји во Западен Балкан се рангирани меѓу десетте најлоши во Европа во однос на криминалот (види Слика 1).[1] Не изненадува тоа што Европската комисија ја нагласи потребата земјите во регионот да покажат значителен напредок во борбата против криминалот.[2] Дополнително, веројатно не изненадува и тоа што стапката на затворање во четири од шесте земји во регионот е над европската средна вредност (види Слика 2).

На пример, во 2022 година во српските затвори имало 10.557 затвореници, а во албанските 5.357.[7] Во овие две земји, повеќе од една четвртина од сите затвореници отслужуваат казни за дела поврзани со дрога.[8] Но не сите отслужуваат казни за производство и дистрибуција на дрога; повеќето од нив се во затвор за поседување, а не за организирана криминална активност. Впрочем, од околу 23.000 лица во затворите во шесте земји од Западен Балкан во 2022 година,[9] само неколку стотици се осудени за прекршоци поврзани со организиран криминал, меѓу кои и 75 во Албанија,[10] 134 во Босна и Херцеговина,[11] 11 во Косово,[12] 48 во Северна Македонија,[13] 17 во Црна Гора[14] и 144 во Србија.[15] Иако овие бројки се релативно мали, затворите во регионот имаат својствени ризици што би можеле да го поттикнат наместо да го намалат организираниот криминал.

**Нелегална комуникација од затворите**

Се чини дека понекогаш затворот не претставува пречка во водењето криминални операции. Помеѓу 2014 и 2021 година, Дарко Шариќ, осуден нарко бос, престојува во ќелијата 117 во притворниот центар на Специјалниот суд во Белград, Србија.[16] Обвинителите утврдиле дека Шариќ одржувал постојана комуникација, издавал наредби, вклучително и за атентати, и управувал со финансии користејќи шифрирани уреди Sky ECC во периодот од октомври 2020 до декември 2021 година.[17] Наводно, Шариќ ги извршувал сите овие операции од објект со висока безбедност каде што користењето телефон е строго забрането.[18]

Србија не е единствената земја во регионот која се бори со нелегалните комуникации од затворите. Во септември 2023 година, во затворот Спуж, Црна Гора, беа пронајдени скриени телефони и





**Дрон опремен со два мобилни телефона забележан во Спуж Затвор, Црна Гора**

*Фотографија: УИКС*

полначи.[19] Во јули 2023 година, шест мобилни телефони биле скриени во клима-уред.[20] Во јануари 2023 година, откриен бил дрон опремен со два мобилни телефони како лета над затворот.[21] Во ноември 2022 година, откриен бил сад за готвење со повеќе скриени телефони и белешка на која пишувало „Братот те сака“.[22]

### Регрутирање од затвори во организиран криминал

Во многу земји ширум светот, затворите се плодна средина каде што ситните криминалци се регрутираат во криминални банди или групи. Престапниците кои отслужуваат казни за помали прекршоци, како што е поседувањето дрога, се мешаат со тешки криминалци. На пример, во Србија, постарите затвореници со криминално минато и врски со фудбалски хулигански групи се спријателуваат со, и подучуваат помлади затвореници кои претходно не биле вклучени во организираниот криминал. По пуштањето на слобода, овие млади лица често се приклучуваат кон криминални групи. Откако и менторот ќе биде пуштен на слобода, понекогаш влегуваат во заеднички бизнис, обично со шверц на дрога.[23]

Речиси една деценија Црна Гора ја мачат смртоносни судири помеѓу две насилни криминални групи кои се натпреваруваат за контрола на пазарот со кокаин. Поправните институции во Црна Гора, како што е затворот во Спуж во кој се сместени водачи и високо-рангирани членови на организирани криминални групи, се клучни центри за регрутирање нови членови.[24] Ова се постигнува така што искусни осуденици нудат заштита, пристап до скапо правно советување, други форми на финансиска поддршка и бројни други стимулации.[25]

Проблем поврзан со ова е недоволната пост-казнена поддршка. Кога луѓето кои веќе ја отслужиле казната ќе излезат од затвор, често им недостасуваат легални мрежи за поддршка, можности за вработување или дури и основни документи, па се стигматизирани во своите заедници. Поради ова, некои бараат и наоѓаат поддршка во мрежите на организиран криминал со кои почнале да се поврзуваат во затворот. Недостигот на рехабилитација го зголемува ризикот од рецидивизам.

### Корупцијата однатре

Безбедноста во затворите често е нарушена со корупција. Западен Балкан не е никаков исклучок. Како што објасни директорот на еден затвор во Северна Македонија, корупцијата меѓу затворските службеници овозможува нелегален шверц на оружје, телефони и дрога во затворите.[26] Според поранешен директор на еден од затворите во земјата, Северна Македонија е лидер во Европа по бројот на бегства од затвор; „Ова го покажува степенот на криминал во затворскиот систем.“[27]

Овие констатации с нагласени во повеќе извештаи.[28] Во Црна Гора се распространети тврдења за соработка меѓу вработените во затворите и организираните криминални групи.[29] Во Албанија излезе на виделина еден примерво април 2022 година, кога в.д. директорот на затворот во Скадар беше уапсен заради наводна злоупотреба на овластувањата.[30] Неговиот претходник бил суспендиран само три месеци претходно поради наводи за фалсификување документи.[31] Потребата за справување со ваквите ризици добива дополнителна тежина со сè поголемиот притисок затворениците од странство да се вратат назад во регионот.

## ТРАНСФЕР НА ЗАТВОРЕНИЦИ ВО АЛБАНИЈА И КОСОВО

Додека некои земји од Западен Балкан имаат релативно голем број затвореници, значителен број државјани од регионот се наоѓа во странски затвори. На пример, во Обединетото Кралство се затворени 1.475 албански државјани што е 14 % од сите странски затвореници во таа земја.[32]

Во мај 2023 година, Албанија и Обединетото Кралство склучија договор за трансфер на затвореници. Овој договор се заснова врз документ[33] кој влезе во сила во мај 2022 година.[34] Според ваквото уредување, ОК ја поддржува модернизацијата на затворската инфраструктура во Албанија. За возврат, Албанија се обврзува да врати најмногу 200 албански државјани кои сега отслужуваат четиригодишни или повеќегодишни казни во затворите во ОК.[35] Официјалните претставници на ОК истакнаа дека со оваа иницијатива не само што ќе се заштедат трошоци за британските даночни обврзници, туку и ќе се намали пренатрупаноста во затворите во ОК.[36] Сепак, во Албанија имаше критики дека договорот се карактеризира со 'мала политичка и јавна дебата во врска со деталите, и мала вклученост на граѓанското општество'.[37]

Албанскиот министер за правда, Улси Мања, вели дека со договорот се промовира реинтеграција на осудениците без притоа да се користат парите на националните даночни обврзници и придонесува за подобрување на албанскиот затворски систем. Од друга страна, неколку судии и адвокати изразија загриженост за тоа како сместувањето на уште 200 затвореници би влијаело врз пренатрупаниот затворски систем во Албанија.[38]

Во меѓувреме, една земја од Западен Балкан прифати да биде домаќин на затвореници од една земја на ЕУ. Во декември 2021 година, Косово се согласи да смести 300 дански затвореници, при што Данска би плаќала годишна такса од 15 милиони евра за изнајмување објекти во затворот во Гњилане.[39] Според косовскиот министер за правда, ваквото уредување ќе ѝ донесе на земјата 210 милиони евра, од кои голем дел ќе бидат наменети за иницијативи за обновливи извори на енергија и за обуки за вработените во затворите.[40] Некои експерти во Косово беа против ваквиот договор,[41] но во јуни 2023 година, Владата поднесе предлог-закон до парламентот, за разгледување и донесување.[42]

Иако некои земји од Западен Балкан ги подобрија своите казнени системи, како што утврди Европската комисија во своите извештаи за напредокот за 2022 година, и понатаму постојат некои системски предизвици. Да го тргнеме Косово настрана, пренатрупаноста во затворите е вообичаен проблем во регионот. Во Северна Македонија, Европската комисија апелира „најитно да се спроведат системските решенија за подобрување на условите во притвор", додека во Албанија, условите во затворите остануваат предмет на „постојана загриженост".[32] Во Босна и Херцеговина „не постојат никакви заложби да се подобрат условите за притвор", што укажува на загрижувачки недостаток на напредок.[33] Светлата точка е дека Косово, Црна Гора и Србија направиле чекор напред во усогласувањето со меѓународните стандарди.[34]

За дополнително да се зајакне безбедноста во затворите, неопходно е да се користи најсовремената технологија и да се вршат редовни проверки на ќелиите. Истовремено, надградбата на правосудната и поправната инфраструктура е од огромно значење, со што ќе се осигури дека објектите ги исполнуваат современите стандарди. Клучен е холистичкиот пристап во подобрување на поправната средина, каде што примарниот фокус треба да биде на подобрување на работните услови за персоналот, заштита од непотребни политички и криминални притисоци и на негување култура на одговорност која би го заменила секое самозадоволство кое преовладува. Покрај тоа, спроведувањето на програмите за рехабилитација во затворите, потпомогната во соработка со граѓанското општество, ветува ефективно намалување на стапките на рецидивизам.

# Забелешки


1 Global Initiative Against Transnational Organized Crime (GI-TOC), *Global Organized Crime Index 2023: A fractured world*, септември 2023 година, https://ocindex.net/report/2023/04-continental-overview.html#europe.

2 European Commission, *2022 Communication on EU Enlargement Policy*, 12 октомври 2022 година, 8-9, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/2022%20Communication%20on%20EU%20Enlargement%20Policy-v3.pdf.

3 Marcelo F. Aebi, Edoardo Cocco и Lorena Molnar, *SPACE: Council of Europe Annual Penal Statistics*, 15 декември 2022 година, ажурирано на 26 јуни 2023 година, https://wp.unil.ch/space/files/2023/06/230626_SPACE-I_2022_FinalReport.pdf; Marcelo F. Aebi, Edoardo Cocco и Lorena Molnar, *Prisons and Prisoners in Europe 2022: Key Findings of the SPACE I survey*, Council of Europe and University of Lausanne, ажурирано на 26.6.2023 година, https://wp.unil.ch/space/files/2023/06/230626_Key-Findings-SPACE-I_Prisons-and-Prisoners-in-Europe-2022.pdf.

4 Видете https://www.prisonstudies.org/world-prison-brief-data.

5 Податоци добиени од Косовската поправна служба врз основа на барањето на GI-TOC во август 2023 година.

6 Ljiljana Vidačak, *Europski zatvori prebukirani*, *BiH 16. na listi s popunjenošću kapaciteta od 98 posto*, *Večernji list*, 13 јуни 2023 година, https://www.vecernji.ba/vijesti/europski-zatvori-prebukirani-bih-16-na-listi-s-popunjenoscu-kapaciteta-od-98-posto-1687438.

7 Marcelo F. Aebi, Edoardo Cocco и Lorena Molnar, *Prisons and Prisoners in Europe 2022: Key Findings of the SPACE I survey*, Council of Europe and University of Lausanne, ажурирано на 26.06.2023 година, https://wp.unil.ch/space/files/2023/06/230626_Key-Findings-SPACE-I_Prisons-and-Prisoners-in-Europe-2022.pdf.

8 Hamdi Firat Buyuk, Council of Europe: *Turkey's Prison Population Rises Beyond 300,000*, Balkan Insight, 27 јуни 2023 година, https://balkaninsight.com/2023/06/27/council-of-europe-turkeys-prison-population-rises-beyond-300000/.

9 Податоците дадени тука ги претставуваат пресметките на авторот, добиени од различни извори, вклучувајќи ја и Годишната казнена статистика на Советот на Европа, податоците од World Prison Brief, официјалните извештаи за буџетските расходи и податоците добиени од институциите на барање.

10 European Commission, *Albania 2022 Report*, 12 октомври 2022 година, 40, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/Albania%20Report%202022.pdf.

11 European Commission, *Bosnia and Herzegovina 2022 Report*, 12 октомври 2022 година, 39, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/Bosnia%20and%20Herzegovina%20Report%202022.pdf.

12 European Commission, *Kosovo 2022 Report*, 12 октомври 2022 година, 46, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/Kosovo%20Report%202022.pdf.

13 European Commission, *North Macedonia 2022 Report*, 12 октомври 2022 година, 21, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/North%20Macedonia%20Report%202022.pdf.

14 European Commission, *Montenegro 2022 Report*, 12 октомври 2022 година, 49, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/Montenegro%20Report%202022.pdf.

15 European Commission, *Serbia 2022 Report*, 12 октомври 2022 година, 52, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2022-10/Serbia%20Report%202022.pdf.

16 Leposava Bogić, *Advokat i četiri klana*, *Vreme*, 5 мај 2022 година, https://www.vreme.com/vreme/advokat-i-cetiri-klana/.

17 *Insajder*, *Insajder otkriva detalje optužnice: Istraga i opstrukcija istrage protiv Šarića*, 29 јануари 2023 година, https://insajder.net/teme/insajder-otkriva-detalje-optuznice-istraga-i-opstruiranje-istrage-protiv-sarica.

18 Ibid.

19 Jelena Jovanović, *Oduzeli četiri mobilna telefona u Zatvoru za duge kazne*, *Vijesti*, 11 септември 2023 година, https://www.vijesti.me/vijesti/crna-hronika/673117/oduzeli-cetiri-mobilna-telefona-u-zatvoru-za-duge-kazne.

20 Jelena Jovanović, *Pronađeno šest mobilnih telefona i dva USB kabla u klima uređaju dostavljenom za zatvorenika u Spužu*, *Vijesti*, 4 јули 2023 година, https://www.vijesti.me/vijesti/crna-hronika/663887/pronadjeno-sest-mobilnih-telefona-i-dva-usb-kabla-u-klima-uredjaju-dostavljenom-za-zatvorenika-u-spuzu.

21 *Vijesti*, *Zaplijenjen dron, nadlijetao iznad spuškog zatvora sa dva telefona*, 20 јануари 2023 година, https://www.vijesti.me/vijesti/crna-hronika/639659/zaplijenjen-dron-nadlijetao-iznad-spuskog-zatvora-sa-dva-telefona.

22 Jelena Jovanović, *'Voli vas brat': Mobilni telefoni pronađeni u specijalnom dnu šerpe koju je posjetilac krenuo da unese u zatvor*, *Vijesti*, 20 ноември 2020 година, https://www.vijesti.me/vijesti/crna-hronika/631422/voli-vas-brat-mobilni-telefoni-pronadjeni-u-specijalnom-dnu-serpe-koju-je-posjetilac-krenuo-da-unese-u-zatvor.

23 Интервју со граѓански активист кој раководи со организација која овозможува пост-казнена поддршка во Србија, септември 2023 година

24 *Vlada Crne Gore*, *Biro za operativnu koordinaciju*, *SOCTA 2021: Procjena opasnosti od teškog i organizovanog kriminala u Crnoj Gori*, март 2022 година, 18, https://www.gov.me/dokumenta/cf105122-2c9b-4816-b152-8487b5f59063.

25 Ibid.

26 Интервју со директор на затворска институција во Северна Македонија, септември 2023 година.

27 Ibid.

28 U.S. Department of State, *2022 Country Reports on Human Rights Practices: North Macedonia*, февруари 2023 година, 3, https://www.state.gov/wp-content/uploads/2023/02/415610_NORTH-MACEDONIA-2022-HUMAN-RIGHTS-REPORT.pdf.

29 U.S. Department of State, *2022 Country Reports on Human Rights Practices: Montenegro*, февруари 2023 година, 5, https://www.state.gov/wp-content/uploads/2023/02/415610_MONTENEGRO-2022-HUMAN-RIGHTS-REPORT.pdf.

30 VOX News, *The director of the Reç-Shkodër prison is arrested*, 25 април 2022 година, https://www.voxnews.al/english/aktualitet/arrestohet-drejtori-i-burgut-rec-shkoder-i6997.

31 Albanian Daily News, *Shkodra prison's warden suspended after report's forgery*, 12 јануари 2022 година, https://albaniandailynews.com/news/shkodra-prison-s-warden-suspended-after-report-s-forgery.

32 Georgina Sturge, *UK Prison Population Statistics*, *House of Commons*, 8 септември 2023 година, 14, https://researchbriefings.files.parliament.uk/documents/SN04334/SN04334.pdf.

33 *International treaty UK/Albania: Agreement on the Transfer of Sentenced Persons [CS Albania No.3/2021]*, 19 октомври 2021 година, https://www.gov.uk/government/publications/ukalbania-agreement-on-the-transfer-of-sentenced-persons-cs-albania-no32021.

34 Ministry of Justice, *Government strikes deal to remove more Albanian prisoners*, 26 јули 2021 година, https://www.gov.uk/government/news/government-strikes-deal-to-remove-more-albanian-prisoners.

35 Ministry of Justice, *HM Prison and Probation Service and Alex Chalk KC MP, UK and Albania agree groundbreaking new arrangement on prisoner transfers*, 24 мај 2023 година, https://www.gov.uk/government/news/uk-and-albania-agree-groundbreaking-new-arrangement-on-prisoner-transfers.

36 *They Work For You, Prisoners' Transfers: Albania, Ministry of Justice written question – answered on 4 September 2023*, https://www.theyworkforyou.com/wrans/?id=2023-07-20.195373.h.

37 Интервју со Ervin Karamuço, професор по криминологија на Правниот факултет на Универзитетот во Тирана, Тирана, септември 2023 година.

38 Panorama, *'Britania përdor shqiptarët për të fituar kredo politike'- Juristi Ramaj tregon në 'Panorama TV': Marrëveshja për të burgosurit, propagandë në bashkëpunim me qeverinë tone*, 25 мај 2023 година, http://www.panorama.com.al/britania-perdor-shqiptaret-per-te-fituar-kredo-politike-juristi-ramaj-tregon-ne-panorama-tv-marreveshja-per-te-burgosurit-propagande-ne-bashkepunim-me-qeverine-t/; MCN TV, Transferimi i të dënuarve nga Britania, Petraj: Burgjet shqiptare nuk kanë kapacitete! Kodi penal nuk parashikon të njëjtën vuajtje dënimi, 24 март 2023 година, http://www.mcntv.al/2023/03/24/transferimi-i-t-d-nuarve-nga-britania-petraj-burgjet-shqiptare-nuk-kan-kapacitete-kodi.

39 Договорот можете да го погледнете на https://www.justitsministeriet.dk/wp-content/uploads/2022/04/Final-treaty-Denmark-Kosovo.pdf.

40 N1 Belgrade, *Kosovo Justice Minister says millions from prison rental*, 23 декември 2021 година, https://n1info.rs/english/news/kosovo-justice-minister-says-millions-from-prison-rental/.

41 Charles Szumski, *Kosovo experts oppose Denmark prison outsourcing*, *Euractiv*, 22 декември 2021 година, https://www.euractiv.com/section/politics/short_news/kosovo-experts-oppose-denmark-prison-outsourcing/.

42 Koha, *The government takes the treaty with Denmark on prisons to the parliament*, 7 јуни 2023 година, https://www.koha.net/en/arboretum/380701/the-government-puts-in-the-parliament-the-treaty-with-Denmark-for-prisons/.

**Билтените на ризици се редовен производ на нашите регионални опсерватории, кои се потпираат на мрежите на граѓанското општество за да добијат нови податоци да ги стават во контекст трендовите поврзани со мрежите на организиран криминал, нелегалната трговија и одговорот на државите кон нив. Доколку сакате да се претплатите на идните изданија на Билтенот на ризици, ве молиме пријавете се тука или пратете е-пошта на Vanja.Petrovic@globalinitiative.net.**

## ЗА ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал е глобална мрежа со над 600 експерти ширум светот. Глобалната иницијатива обезбедува платформа со цел промовирање поширока дебата и иновативни пристапи како градиво за инклузивна глобална стратегија против организираниот криминал.

**www.globalinitiative.net**

Оваа публикација е изработена со помош на финансиската поддршка на Фондот за конфликт, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на ГИ-ТОК и не нужно ги одразува ставовите на Обединетото Кралство.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME